**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И**
**АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.08-528**
**11.01.2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), а во врска со член 76 ставови 3, 4 и 6 од истиот Закон, член 39 став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, постапувајќи по Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година, со дополнување на Барањето Уп1 бр.08-528 од 07.12.2018 година и Уп1 бр.08-528 од 19.12.2018 година, а согласно Заклучокот бр.02-39/4 од 10.01.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 1-та седница одржана на 10.01.2019 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за отфрлање на барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување

1. СЕ ОТФРЛА Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година, со дополнување на Барањето Уп1 бр.08-528 од 07.12.2018 година и Уп1 бр.08-528 од 19.12.2018 година, поради тоа што истото е нецелосно, односно не е уредно пополнето и не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18).

2. Решението се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Ова Решение е конечно.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

**О б р а з л о ж е н и е**

На 21.11.2018 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставено е Барање за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување од страна на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година, со придружна документација.

По приемот на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година со придружна документација, Стручната служба на Агенцијата пристапи кон разгледување на истото, при што утврди дека поднесеното барање не е уредно пополнето, не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно истото е нецелосно.

При разгледување на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година со придружна документација, констатирани беа повеќе недостатоци. Имено, поднесеното Барање, не беше уредно пополнето во точките и потточките од истото, при што Стручната служба на Агенцијата утврди дека во потточката 1.2. скратениот назив на барателот наведен во предметното Барање не соодветствува со скратениот назив од тековна состојба, во истата потточка наведени се податоци за жиро сметка и банка депонент кои не соодветствуваат со податоците од Управата за јавни приходи и не е наведен телефонски факс. Исто така, беше констатирано дека во потточката 2.1., не е јасно наведено дека барателот поседува дозвола за телевизиско емитување, бр.08-10 од 05.01.2015 година, за емитување на државно ниво, преку сателит, на целата територија на Република Македонија, телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, и дека е согласен истата да престане да важи по доделувањето на новата дозвола. Во потточката 5.2. се констатираше дека како адреса на седиште каде што ќе се носат уредувачките одлуки наведена е адреса која не соодветствува прецизно со адресата на постојното седиштето на барателот каде што се носат уредувачките одлуки, односно со адресата на седиштето на подружницата наведено во тековна состојба. Потточката 5.4. Техничко средство за емитување и потточката 5.5. Ниво односно подрачје на гледаност на кое ќе се врши дејноста воопшто не беа пополнети, а во потточката 5.7., наведен е рок за започнување со вршење на дејноста кој не соодветствува со законски утврдениот рок во член 76 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Воедно, се утврди дека Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување не е потпишано од овластеното лице и не се пополнети празните места наменети за датум и место.

Предметното Барање, се увиде дека има и повеќе недостатоци поврзани со документите кои се однесуваат на програмскиот дел од Барањето. Па така, од трите потребни документи, констатирано беше дека доставен е само Образецот за Програмски концепт за телевизиски програмски сервис. Другите два документи, кои се составен дел на Образецот, Детална неделна програмска шема (прикажана ден по ден) и Опис на сите планирани програмски содржини/емисии (наведени во програмската шема), кои треба да бидат усогласени со податоците наведени во Образецот (временски и како видови програми), констатирано беше дека не се доставени. Доставениот Образец за Програмски концепт утврдено беше дека е речиси истиот (само во конкретниот случај со двојни одговори кај одредени прашања) со Образецот доставен кон крајот на 2014 година при обновата на дозволите согласно новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во однос на Образецот за програмски концепт, констатирани беа и други недостатоци. Па така, во табелата од точка 4 (Структура на планираната неделна програма), констатирано е дека во полето „Вкупно од колона 4“ испуштен е податокот, кој во конкретната ситуација, согласно наведените времиња по видови програми, е 143:22:30 часа; На прашањето (точка 7)

„Дали планирате поголема застапеност на македонски аудиовизуелни дела (изворно создадена програма) на дневно ниво од законски утврдениот минимум – најмалку 50%?“, наместо да биде избран само еден од одговорите, е даден двоен одговор: ДА – 100% и НЕ, означено со Х (што значи не) со што одговорите еден со друг се исклучуваат, односно си противречат еден на друг; Иста ситуација, со двоен одговор, беше констатирана и кај прашањето (точка 8) „Дали планирате поголема застапеност на европски аудиовизуелни дела од минималните 10% во првата година од добивањето на дозволата, утврдени во Правилникот за...“, и е одговорено: ДА – 100% и НЕ – Х (што означува дека не планира), со што повторно одговорите се исклучуваат еден со друг; Одговорот на прашањето од точка 6 (Предвидена застапеност на сопствена програма на неделно ниво, изразено во часови) е 15 часа, што најверојатно не е точно, бидејќи најголем дел од програмата што моментално ја емитува РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп е од сопствено производство и најверојатно (доколку и во иднина планира да ја емитува истата програма) тој податок е многу поголем од прикажаните 15 часа; На крајот од Образецот за програмски концепт, исто така се утврди дека не се пополнети празните места наменети за место и датум.

При разгледување на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување констатирано беше дека не е доставен потребниот прилог – Доказ за регистрација на правното лице Тековна состојба издадена од Централниот регистар (во оригинал и не постара од 6 месеци од денот на доставувањето). Исто така, беше констатирано дека не е доставен ни потребниот прилог – Доказ дека правното лице не е во стечај и/или во процес на ликвидација издаден од надлежен орган на домицилната држава, или изјава од правното лице дека не е во стечај и/или во процес на ликвидација, заверена на нотар. Утврдено беше и дека кон предметното Барање не е доставена соодветна исправа како доказ дека на правното лице не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност од регистар или евиденција, или изјава од правното лице дека не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на дејност, заверена на нотар.

Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврди одредени недостатоци на Барањето и во однос на понудените технички, просторни, финансиски и кадровски услови, при што беше контатирано дека не се доставени потребниот прилог – образец за Технички и просторни услови, документи за финансиската способност за остварување на дејноста за времето за кое се доделува дозволата и понудените гаранции, односно Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех издадени од Централниот регистар на Република Македонија, за последните две години, документи што го гарантираат финансирањето на деловниот план, односно на дејноста (банкарска гаранција; депозити во банка; хартии од вредност и др.), финансиска проекција на деловниот план за првите 3 (три) години, како и податоци за планираната кадровска структура во однос на делот на понудените кадровски услови.

Кон Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување, доставени се Изјавата под реден број 10 и Изјавата под реден бр.12 дадени од страна на лицето Владимир Спасиќ, управител на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, меѓутоа во однос на истите беа констатирани недостатоци во однос на адресата на живеење на напред наведеното лице. Првично, се констатираше дека не е доставена Изјавата под реден бр.11, од основачот/ите на правното лице дека не ги прекршуваат одредбите од глава IV на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заверена на нотар, а недостасуваше и Изјавата под реден број 12 од основачот/ите на правното лице, дека не постои судир на интереси согласно со Законот за спречување на судир на интереси, заверена на нотар. Воедно, во прилог на Барањето, не беа доставени изјави заверени на нотар од страна на управителот, како и основачот/ите на подносителот на Барањето, со печат од правното лице, во кои ќе е наведено дека се согласни да престане важноста на постојната дозвола за телевизиско емитување бр.08-10 од 05.01.2015 година, за емитување на државно ниво, преку сателит, на целата територија на Република

Македонија, телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, по добивањето на нова дозвола за телевизиско емитување.

Следствено на напред наведените констатации при разгледување на предметното Барање со придружна документација, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со допис - Известување Уп1 бр.08-528 од 06.12.2018 година, доставен до РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, го извести подносителот за тоа дека Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година не е уредно пополнето, не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека истото е нецелосно. Во горе цитираното Известување, Агенцијата детално ги наведе сите констатирани недостатоци на Барањето и придружната документација, како и му посочи на подносителот на барањето во која насока истите да бидат отстранети, односно усогласени, со напомена до подносителот на барањето дека е должен да го дополни напред цитираното Барање, односно да ги отстрани констатираните недостатоци. Воедно, подносителот на барањето, беше известен дека доколку не постапи по Известувањето и не ги отстрани утврдените недостатоци, во рок од 15 дена, согласно член 39 став 3 од Законот за општата управна постапка, Агенцијата ќе го отфрли Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година со управен акт согласно одредбите од Законот за општата управна постапка. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека Известувањето Уп1 бр.08-528 од 06.12.2018 година било уредно примено од страна на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп на 10.12.2018 година.

Во меѓувреме, поточно на 07.12.2018 година до Агенцијата пристигна дополнување на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување од страна на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, односно Пропратно писмо, дополнување документи од РТД ТВ СОНЦЕ бр.03-172/1 од 07.12.2018 година (Уп1 бр.08-528 од 07.12.2018 година). Во пропратното писмо беше појаснето дека техничкото средство за емитување (кое требаше да биде пополнето во потточка 5.4. од Барањето) ќе биде јавна електронска комуникациска мрежа, а нивото, односно подрачјето на гледаност (кое требаше да биде пополнето во потточка 5.5. од Барањето) ќе биде државно ниво. Воедно, кон пропратното писмо беше доставена и следната документација и тоа: Образец за бројот и структурата на вработените потребни за вршење на дејноста, Образец за технички и просторни услови, Деловен план, Изјава во која основачот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп изјавува дека е согласен да престане важноста на постојната дозвола по добивањето на нова дозвола, Изјава бр.11 од основачот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Изјава бр.12 од основачот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Извештај за биланс на состојба и податоци од биланс за успех за РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, тековна состојба за РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Потврда за прекршочна санкција за РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Потврда за стечајна постапка за РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Потврда за ликвидациона постапка за РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп и Овластување од основачот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп Ѓорѓија Атанасоски за управителот Владимир Спасиќ од Прилеп.

Стручната служба на Агенцијата пристапи кон разгледување на дополнително доставените документи, при што беше констатирано дека и дополнувањето на барањето има недостатоци, односно дека не е доставено уредно пополнето барање на нов образец, кое ги содржи сите податоци предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно барањето повторно е нецелосно.

Имено, при разгледување на доставеното дополнување беше констатирано дека подносителот на барањето достави само дел од потребните прилози и податоци,

односно отстрани само дел од констатираните недостатоци, но повторно не беше доставено уредно пополнето барање на нов образец во кое ќе биде наведен точен скратен назив на подносителот на Барањето како од тековна состојба; податоци за жиро сметка и банка депонент кои ќе соодветствуваат на податоците од Управата за јавни приходи (или наведување на две жиро сметки и банки); телефонски факс; јасно наведување во потточка 2.1. дека подносителот на Барањето поседува дозвола за телевизиско емитување, бр.08-10 од 05.01.2015 година, за емитување на државно ниво, преку сателит, на целата територија на Република Македонија, телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, и дека е согласен истата да престане да важи по доделувањето на новата дозвола; адреса на седиште каде што ќе се носат уредувачките одлуки соодветна на онаа од тековна состојба; реален датум како рок на започнување со вршење на дејноста итн., на кои недостатоци Агенцијата укажа во Известувањето бр.08-528 од 06.12.2018 година. Кон дополнувањето на Барањето констатирано беше дека повторно недостасуваат документите поврзани со програмскиот дел од Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување и тоа: Детална неделна програмска шема (прикажана ден по ден) и Опис на сите планирани програмски содржини/емисии (наведени во програмската шема), кои се составен дел од Образецот за програмски концепт и кои треба да бидат усогласени со податоците наведени во Образецот (временски и по видови програми). Воедно, беше констатирано дека не е доставен ниту коригиран Образец за програмски концепт, согласно забелешките наведени во Известувањето Уп1 бр.08-528 од 06.12.2018 година, усогласен со претходно наведените два документа. Во делот на понудените финансиски услови не беа доставени документи што го гарантираат финансирањето на деловниот план, односно на дејноста (банкарска гаранција; депозити во банка; хартии од вредност и др.). Воедно, кон дополнувањето на барањето не се доставени нови искоригирани Изјава бр.10 и Изјава бр.12 од управителот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, лицето Владимир Спасиќ. Во однос на Изјавата под реден број 11, дадена од страна на сопственикот/основач на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп лицето Ѓорѓија Атанасоски, дека не ги прекршува одредбите од Глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Изјавата под реден број 12 од основачот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп дека не постои судир на интереси согласно со Законот за спречување судир на интереси и Изјавата во која основачот изјавува дека е согласен да престане важноста на Дозволата за телевизиско емитување на државно ниво преку сателит бр.08-10 од 05.01.2015 година, по добивање на нова дозвола, констатирано беше дека во сите три изјави наведена е адреса на живеење на сопственикот/основачот која не соодветствува на адресата наведена во тековната состојба за РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп. Во една од изјавите имаше техничка грешка во однос на презимето на основачот, а исто така сите три изјави констатирано беше дека се дадени на македонски јазик, а заверени во странство, од страна на нотар во Флорида, при што на истите е ставен печат и воден жиг на англиски јазик од нотарот кај кого е извршена заверката. Имајќи предвид дека дадените Изјави се наменети за употреба во Република Македонија, утврдено беше дека нивната валидност потребно е да биде потврдена со Апостил печат на надлежната институција во земјата во којашто се дадени. Печатот и жигот од нотарската заверка и апостил печатот треба да бидат преведени на македонски јазик од овластен судски преведувач. Кон дополнувањето на Барањето констатирано е дека не е доставена Изјава дадена од страна на управителот, со печат од правното лице, во која ќе биде наведено дека е согласен да престане важноста на постојната дозвола за телевизиско емитување бр.08-10 од 05.01.2015 година, за емитување на државно ниво, преку сателит, на целата територија на Република Македонија, телевизиски програмски сервис со општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик, по добивањето на нова дозвола за телевизиско емитување преку оператор на јавна електронска

комуникациска мрежа (за што подносителот беше известен со Известувањето Уп1 бр.08-528 од 06.12.2018 година).

Имајќи предвид дека со доставување на дополнителната документација кон Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување од страна на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, се промени фактичката состојба, односно Барањето беше само делумно дополнето, но не беа целосно отстранети констатираните недостатоци на истото, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 17.12.2018 година до подносителот на барањето повторно испрати допис – Известување Уп1 бр.08-528 од 17.12.2018 година, со кој го извести подносителот дека предметното Барање повторно има недостатоци, односно дека не е доставено уредно пополнето барање на нов образец, кое ги содржи сите податоци предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека барањето повторно е нецелосно. Подносителот на барањето беше известен дека треба да постапи по Известувањето Уп1 бр.08-528 од 06.12.2018 година, како и по забелешките констатирани во Известувањето Уп1 бр.08-528 од 17.12.2018 година, да го дополни Барањето и да ги отстрани утврдените недостатоци во рок од 15 дена од приемот на Известувањето Уп1 бр.08-528 од 17.12.2018 година, бидејќи во спротивно предметното барање ќе биде отфрлено со управен акт согласно одредбите од Законот за општата управна постапка. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека Известувањето Уп1 бр.08-528 од 17.12.2018 година било уредно примено од страна на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп на 18.12.2018 година.

На 19.12.2018 година, во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни мдиумски услуги дојде одговорниот уредник на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп (подносител на барањето), со цел да се консултира околку недостатоците на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година, со дополнување од 07.12.2018 година, утврдени во Известувањето Уп1 бр.08-528 од 06.12.2018 година и Известувањето Уп1 бр.08-528 од 17.12.2018 година. На напред наведеното лице, му беше укажано и дополнително појаснето како подносителот на барањето треба да постапи по напред наведените Известувања и на кој начин да ги отстрани утврдените недостатоци на предметното барање, како и му беше посочено дека во случај на дилеми во однос на потребните дополнувања и корекции на барањето, може да изврши повторна консултација со лицата вработени во Стручната служба на Агенцијата.

Истиот ден, односно на 19.12.2018 година, беше доставено второ дополнување на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година, со дополнување од 07.12.2018 година, односно Пропратно писмо, дополнување документи од РТД ТВ СОНЦЕ Уп1 бр.08-528 од 19.12.2018 година. Кон пропратното писмо беа доставени следните документи и тоа: пополнети податоци од потточка 1.2., Извештај за состојба на сметката за имателот на сметката (солвентност), Извод за промените и состојбата на средствата на сметката на ден 10.12.2018 година и 18.12.2018 година, Преглед на состојба на сметка по денови и Неделна програмска шема.

Стручната служба на Агенцијата, пристапи кон разгледување на доставената документација од второто дополнување на предметното барање, при што констатираше дека се отстранети некои од утврдените недостатоци, но сепак и по второто дополнување комплетно не се отстранија сите недостатоци на Барањето за доделување на дозвола и не беа доставени сите потребни податоци и прилози. Па така, не беше доставено уредно пополнето барање на нов образец во кое ќе бидат точно и целосно пополнети сите точки и потточки, туку беше доставен само еден лист од Барањето каде беше пополнета потточката 1.2. Исто така, не беа доставени сите потребни Изјави, односно не беа доставени нови искоригирани Изјави согласно констатациите наведени во Известувањето Уп1 бр.08-528 од 06.12.2018 година и

Известувањето Уп1 бр. 08-528 од 17.12.2018 година. Во однос на документите поврзани со програмскиот дел од Барањето беше констатирано дека само формално е доставена Неделна програмска шема (што во суштина е програмски план на веќе емитувана програма на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп), прикажана ден по ден, со конкретни датуми, за период од 13 декември заклучно со 20 декември 2018 година, односно за 8 дена. Воедно, утврдено беше дека повторно не се доставени документите: Опис на сите планирани програмски содржини/емисии (наведени во програмската шема) и коригиран Образец за Програмски концепт, кој треба да биде временски и по видови програми усогласен со другите два документа од програмски аспект (Неделната програмска шема и Описот на сите планирани програмски содржини/емисии). Во врска со формално доставената Неделна програмска шема беше констатирано дека истата не е документ креиран за потребите на поднесеното Барање за доделување на дозвола. Таа е во суштина програмски план од веќе емитувана програма на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп (со конкретни наслови на документарна/играна програма, со имиња на гости и водители во одредени емисии, датуми/податоци од кога е репризата и сл.). Доставениот програмски план констатирано беше дека се однесува за емитувана програма во периодот пред доставата на последните документи и на денот на доставата, односно во периодот од 13 декември (четврток) до 19 декември (среда) -седум дена и плус програмски план за 20 декември (четврток). Воедно, констатирано беше дека Неделната програмска шема не е прегледна, дел од програмските содржини се наведени како една ставка со едно почетно време иако станува збор за две-три различни содржини. Констатирано беше и дека голем дел од насловите се неразбирливи (како на пример: 017 ГЈОРГ АТАНАСОСКИ 2018/ АИРБОХ/ГЈОРГ АТАНАСОСКИ; 09, 12, 18 ТИМКО/ИСКОНСКИ ДУМИ; 9 ЕПИЗОДА ДОНСКИ МК/АИРБОХ/ЕМИСИИ ДОНСКИ 2018 и многу други). Во Неделната програмска шема наведени се само наслови на емисии/програмски содржини, без дополнителен податок за видот на програмата според функцијата на која припаѓаат (на пр.актуелно-информативна програма, документарна, образовна, играна програма, музички спотови и сл.). Наведеното е неопходно од причина што податоците во сите три документи треба да соодветствуваат (по функција, по вид и временски) и треба да бидат проверливи. Исто така, во овој дел беше констатирано дека постои неусогласеност на доставените податоци. Имено, со обично собирање на времињата на вестите е видливо дека податоците прикажани во доставената Неделната програмска шема (програмски план од емитувана програма), не се усогласени со податоците прикажани во Образецот за програмски концепт (доставен првично кон Барањето). Вкупното времетраење на прикажаните ставки вести во Неделната програмска шема (за седум дена) е околу 11 часа и 15 минути, а во Образецот се планирани 7 часа вести. За другите наведени програмски содржини/емисии не може да се прават некакви споредби со податоците од Образецот, со оглед на тоа дека нејасно е за каков вид емисии станува збор и која функција ја исполнуваат, а дополнително како документ не е доставен Опис на сите планирани програмски содржини/емисии, од каде треба да биде јасно каква функција исполнува емисијата (информативна, образовна, забавна) и на кој вид припаѓа.

Друга документација, односно дополнување, со кои би се отстраниле комплетно утврдените недостатоци на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година, со дополнување на Барањето Уп1 бр.08-528 од 07.12.2018 година и Уп1 бр.08-528 од 19.12.2018 година, не беше доставена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10 (согласно која директорот ги предлага одлуките од надлежност на Советот), од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 76 ставови 3, 4 и 6 од истиот Закон, член 39 став 3 од Законот за општата управна постапка, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, постапувајќи по Барањето за доделување на

дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-528 од 21.11.2018 година, со дополнување на Барањето Уп1 бр.08-528 од 07.12.2018 година и Уп1 бр.08-528 од 19.12.2018 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 1-та седница одржана на 10.01.2019 година, донесе решение истото да се отфрли, поради тоа што е предметното Барање е нецелосно, односно не е уредно пополнето и не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Врз основа на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение како во диспозитивот. Решението е конечно, а против истото може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговиот прием. Решението ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука:** Ова решение е конечно, а против истото може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.